

# Доцна антика



Доцноантичкиот период го означува преодот од класичната антика кон средниот век. Во постојаната поставка предметите се презентирани хронолошки, а потекнуваат од неколку локалитети од Р Македонија: Исар-Марвинци, Кале Виница, Стоби, Хераклеја Линкестидска, Градиште Коњух, Зајас Кичево, како и репрезентативните наоди од еден доцноантички гроб од локалитетот Таранеш, с. Селокуќи Дебар.



**Диатрета**
Таранеш, Дебар, IV век

Во овој период Римската Империја доживува длабоки потреси предизвикани од честите напади на варварските племиња на нејзините граници и од честите промени на воените императори, што предизвикува ослабнувањае на економијата и ја дестабилизира државата. По доаѓањето на власт, Диоклецијан (280–305 г.) спроведува длабоки административни реформи. Разнишаната политичка ситуација се средува, јакне државниот апарат во Царството, а со тоа и во провинцијата Македонија. Во 313 г. Константин Велики го објавува Миланскиот едикт за слободно проповедање на христијанството, а во 323 г. престолнината на Царството ја преместува во Византион (Константинопол), т.е. во најхристијанизираната област на Римската Империја. Со тоа источните провинции добиваат сè поголемо стратегиско и економско значење.

Со овие промени, всушност, започнува втората етапа на Римската Империја – доцноантичката. Се развива силно стопанство кое доведува до процут на уметноста и занаетчиството, што ќе се одрази врз животот на луѓето. Се развива нова доцноримска култура. Од овој период потекнуваат гробните наоди од еден доцноантички гроб од локалитетот Таранеш Дебар. Вонредно богатиот инвентар зборува за високата општествена положба на покојникот. Најзначаен и најлуксузен наод е стаклената чаша – диатрета, која претставува вистинска реткост во светот, а во Р Македонија до сега е единствен наод (Витрина 141). Во истиот гроб е најдена и крстовидна фибула, лиена од сурово злато со изгравиран натпис во ниело техника. Сребрената чинија е богато декорирана во две зони. Најинтересен дел се медалјоните во кои се претставени портрети. Врз основа на стилско-типолошките одлики, можна е источна провиниенција. Сребрената кана според квалитетот на изработка заостанува зад чинијата, што укажува на домашно производство, а според формата евидентна е нејзината сличност со доцноримските керамички садови – бокали, кои се доста застапени на територијата на Р Македонија, пред сè на локалитетот Горица Виница, Исар-Мар-



**Златна фибула**
Таранеш Дебар, IV век







винци, Скупи (Витрина 142). Силното стопанство ќе изврши влијание и врз керамичката продукција, која ја продолжува традицијата на римското грнчарство, но доживува промени во формите и во украсувањето. Се произведуваат луксузни трпезни садови, кои припаѓаат кон т.н. група на terra sigillata или македонска сива, а претставуваат едни од најзначајните продукти на доцноримските работилници и се раширени и популарни по целата Империја. Датирани се во IV век. На територијата на Р Македонија постоеле работилници за изработка на овие производи, а се изработувале квалитетни садови по пример на садовите од италските работилници (Витрина 143). Во истата витрина се презентирани и неколку светилки со разновидни орнаменти на дискот, изработени по пример на атичките.



**Стаклени амфори**
Зајас, Кичево, IV век

Од овој период потекнуваат и луксузните стаклени амфори, кои заедно со позлатената фибула потекнуваат од околината на Кичево (Витрина 144).

По поделбата на Римското Царство на источно и западно, источното, подоцна Византија, станува држава, а христијанството нејзина водечка религија. Византија настанува со поврзување на христијанскиот дух со римската државна форма и претставува продолжение на Римската Империја. Државно-административниот апарат и солидниот паричен систем создадени од Диоклецијан и Константин Велики се одржуваат во текот на целиот доцноантички период.

Сѐ посилното источно влијание се чувствува и во производството на грнчаријата. Се појавува нова група луксузни керамички садови и светилки, произведени во северноафриканските работилници, кои се локална имитација со добар квалитет. Кај поедини примероци, особено кај светилките, се појавуваат христијански симболи, а потекнуваат



**Керамички светилки и чинија**
северноафрикански тип, Стоби, Хераклеја-Линкестид, V век





**Бронзена светилка**
Стоби, Градско, V век

од Стоби и од Хераклеја Линкестидска. Датирани се во V век (Витрина 145) .

Со именувањето на Константинопол за престолнина, градот станува управен центар, а подоцна црковно седиште. По одлуката на Константин христијанството да се прифати за водечка религија во Царството, се јавува потреба од градењето цркви – ранохристијански базилики за служење на богослужбата, кои за разлика од поранешните градби, додека христијаните се криеле, сега биле видливи. Базиликата се развива по углед на античката култура со извесни елементи од источната култура.

Најголем процут Царството доживува во времето на Јустинијан (527–565) кога и во Македонија започнува нова етапа на развиток. Се градат големи и раскошни палати, бањи итн. Градовите Стоби, Скупи, Хераклеја, Лихнид се развиваат и добиваат лик на византиски градови. Христијанството допира до сите сфери на уметноста: сликарство, богата пластична декорација, се изработуваат квалитетни и луксузни предмети, како бронзените светилки со ранохристијанска симболика од Стоби и од Хераклеја Линкестидска (Витрина 146) датирани во V век. Во истата витрина се изложени и неколку украсни и утилитарни предмети од бронза, сребро и гагат.

Од ранохристијанскиот град на Градиште Коњух се претставени разни утилитарни украсни предмети изработени од коска, датирани во V–VI век (Витрина 147).

Во овој период во еден таков град на Кале Виница се појавуваат керамичките икони – релјефи, кои претставуваат драгоцено дело од ранохристијанската уметност. Изработени се од печена глина и се уникатни. На нив се прикажани релјефни претстави на светители, сцени со теолошка, иконографска содржина од Стариот и од Новиот Завет. Нивната намена не е до крај јасна, веројатно се работи за уметнички предмети, чија намена покрај другото била и ликовно и иконографски да ја оплеменат внатрешноста на некој ранохристијански објект и

воедно поучно да дејствуваат на верниците. Богатството на обработените мотиви, кои честопати се повторуваат, зборува за висок степен на образованието на изработувачите, па и на жителите на Калето и е од посебна важност за изучување на иконографијата, религијата и уметноста на ранохристијанскиот период. За интересот за значењето на иконите зборува и големиот интерес за нивната презентација во светските метрополи,  а пред сѐ, нивната презентација во Ватикан (Витрина 148, 149 и 150).









**Теракотни икони - релјефи**
V-VI век
Кале-Виница, Виница